# Распространетост на Enterprise Europe Network

Enterprise Europe Network е мрежа која е распространета во повеќе од 40 држави - во земјите од Европската Унија, во земјите кандидати и во трети земји. На тој начин, оваа мрежа претставува најголема меѓународна организација која ја обединува дејноста на малите и средни претпријатија, но и на сите други субјекти кои им пружаат услуги. Во неа членуваат преку 600 партнерски организации (универзитети, стопански комори, агенции, фондации, здруженија и сл.) кои покриваат огромен економски и научно-истражувачки простор...

- Австрија
- Белгија
- Бугарија
- Велика Британија
- Германија
- Грција
- Данска
- Естонија
- Израел
- Ирска
- Исланд
- Италија
- Кипар
- Латвија
- Литванија
- Луксембург
- Малта
- Македонија
- Норвешка
- Полска
- Португалија
- Романија
- Словачка
- Словенија
- Србија
- Турција
- Унгарија
- Финска
- Франција
- Холандија
- Црна Гора
- Чешка
- Шпанија
- Шведска...

## Партнери во трети земји (кореспонденти):

- Египет
- Ерменија
- Кина
- Русија
- САД
- Сирија
- Чиле
- Швајцарија...

Преку мрежата, на организиран начин, може да се оствари соработка со фирми и институции од сите погоре наведени земји.

ec.europa.eu/enterprise-europe-network

## Европски информативен и иновативен центар во Македонија


**Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје (координатор)**
бул. Крсте Мисирков б.б. (1000 Скопје)
тел. (02) 3293 204 факс: (02) 3293 202
e-mail: eiicm@ukim.edu.mk www.ukim.edu.mk

**Фондација за Менаџмент и индустриско истражување**
Ристо Равановски 15А (1000 Скопје)
тел. (02) 3077 008 факс: (02) 3072 814
e-mail: eiicm@mir.org.mk www.mir.org.mk

**Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија**
Никола Вапцаров 7 (1000 Скопје)
тел. (02) 3120 132 факс: (02) 3135 494
e-mail: eiicm@apprm.gov.mk www.apprm.gov.mk

**Стопанска Комора на Македонија**
Димитрие Чуповски 13 (1000 Скопје)
тел. (02) 3244 023 факс: (02) 3244 088
e-mail: elenam@mchamber.mk www.mchamber.org.mk


www.eiicm.com.mk


Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија е заснован на партнерството помеѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија. Тој е финансиран преку Рамковната програма за конкурентност и иновации на Европската Заедница (Competitiveness and innovation Framework Programme - CIP).


enterprise europe

# Европски информативен и иновативен центар во Македонија

enterprise europe network

*Мрежа на бизнис можности*

АПП

European Commission
Enterprise and Industry

## Европски информативен и иновативен центар во Македонија

# Enterprise Europe Network во Македонија

## Која е главната цел ?

**Главна цел на Enterprise Europe Network е да го обедини потенцијалот на малите и средни претпријатија и да овоможи нивен организиран настап во глобалните економски текови.**

## Што е Enterprise Europe Network ?

Глобализацијата подразбира обединување. Со создавањето на Европската Унија, се обединија националните пазари во Евро-зоната и се формираше единствениот европски пазар кој нуди огромен потенцијал, особено за малите и средни претпријатија (МСП).

Заради ефикасно и ефективно искористување на овој потенцијал, Европската Комисија во јануари 2008 година донесе одлука да ја формира Европската мрежа на претпријатија – Enterpirse Europe Network. Основа на оваа организација беа постоечките структури кои дава поддршка на МСП: мрежата на Евро-инфо центри (EIC) и, мрежата на Релејни центри за трансфер на технологии (IRC).

На тој начин, со обедунување на дејностите на овие две организации, се создаде најголемата меѓународна мрежа за поддршка на МСП која работи според принципот на едношалтерски систем. Мрежата постојано се шири и во својот обем веќе почна да го надминува европскиот економски простор и има тенденција да стане глобална.

Enterprise Europe Network во Република Македонија е присутна преку **Европскиот Информативен и иновативен центар во Македонија (ЕИИЦМ)**. Тоа е проектен Конзорциум координиран од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Останатите членки на Конзорциумот се дадени на страната за контакти.

## Какви услуги можете да добиете?

### Барам

- информации за Европскиот пазар
- бизнис партнер во ЕУ
- финансирање од ЕУ фондови

### Сакам

- да ја комерцијализирам мојата иновација
- да најдам технолошки партнер
- да остварам трансфер на технологија

### Ми треба

- искористување на мојот истражувачки потенцијал
- партнер за учество во истражувачки проекти
- информација за програмите за научно-истражување и развој

**Enterprise Europe Network бесплатно ви стои на располагање**

## Зошто сме ви потребни?

Големиот европски пазар е премногу сложен за малите претпријатија. Иако постојат толку многу можности за партнерства, информации за фондови, иницијативи и проекти, сепак остварувањето на вистинската цел често пати бара големи предзнаења и вложување на многу напор и време заради мноштвото на избор. Enterprise Europe Network ги следи сите меѓународни текови кои се од интерес на МСП, го обучува својот персонал и овозможува комуникација со единствена цел на бесплатен начин да помогне во интернационализацијата на вашата дејност.

## Како функционираме ?

На меѓународно ниво, во рамки на мрежата имаме внатрешен систем на комуникација каде се разменуваат информации од сите сфери на делување на МСП. Системот, исто како и целата мрежа е администриран од страна на Европската Комисија и има за цел да овозможи размена на информации, соработка и партнерства. Доколку сте заинтересирани за услугите на мрежата, вашиот интерес се поставува во системот од каде многу брзо се добива повратна информација. Enterprise Europe Network организира многу меѓународни настани кои имаат за цел директно да ги поврзат компаниите кои претходно ќе пројават интертес за соработка.

## Каде можете да не пронајдете ?

Во Република Македонија, Enterprise Europe Network допира преку **Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија**. Центарот е децентрализиран и работи на едношалтерски принцип така што јавувајќи се на една од институциите членки на конзорциумот, можете да ги добиете сите услуги. Контактите се составен дел од оваа Информација.

